# FOREVER

N. MACEDONIA
Јануари 2022 | Број 243



## НЕКА 2022 БИДЕ ГОДИНА ВО КОЈА СЕКОЈ ЌЕ НАПРАВИ ПОВЕЌЕ!

Стефан и Тања Стаеви



# Како да поставите и постигнете реални цели за вашиот бизнис

На што мислите кога мислите на успех? Да станете Менаџер Орел? Да се квалификувате за Chairman's Bonus? Да патувате низ светот со Форевер?

Кога прв пат започнувате, овие цели може да ви изгледаат премногу далечни и може да потрае за да ги постигнете. Без помали цели кои ќе ве одржуваат на патот, може лесно да се случи да почнете да се чувствувате малку безнадежно.

Тука може да дојде во игра поставувањето и постигнувањето на реални цели. Ако имате помали работи на кои можете да се фокусирате на краток рок, тоа може да ви помогне да ги поедноставите вашите планови и побрзо да дојде времето до вашите поголеми цели! Еве како да останете мотивирани. Во спортски дух, вашите цели ќе ги поделиме на „бронзена", „сребрена" и „златна", за да може да ги визуелизирате, но истите правила важат за целата година!

## Правете по една „бронзена" работа секој ден

„Бронзена" активност е нешто што е лесно изводливо – нешто што можете да го постигнете секој ден, сè додека сте посветени на тоа. Во слободното време помеѓу вообичаените дневни активности, за да допрете до потенцијални клиенти, работете со списокот „Кого познавам" или направете Facebook Live. Која било од овие работи може да има директно влијание на вашиот бизнис а одзема малку време. Правете ги последователно секој ден и тие навистина ќе почнат да даваат резултат.

Примери за „бронзени" активности се: стапување во контакт со одреден број на потенцијални клиенти, продажба на одредена количина на производи или поминато време на социјалните медиуми со вашата публика.

## Правете по една „сребрена" работа секоја седмица

„Сребрената" активност е поинтензивна, но сепак може да се управува - нешто што може да го правите секоја седмица наместо секој ден. Ова повторно ќе има големо влијание врз вашиот бизнис ако постојано го правите тоа седмица по седмица, без оглед дали е тоа посетување на обуки за да ги впиете сите вредни информации што другите ги споделуваат, или му помагате на некој друг да се вклучи во бизнисот и да започне да го менува својот живот.

Примери за „сребрени" активности се: да спонзорирате некого, да планирате седмица со вредни содржини на социјалните медиуми (вклучувајќи фотографирање на производи и креирање наслови), или присуство на обуки за производи или теми кои ве интересираат.

## Правете по една „златна" работа секој месец

„Златната" активност е најинтензивна и најтешка за управување, затоа ви препорачуваме да вклопите најмалку по една секој месец.

Примери на „златна" активност: помогнете на некој од вашата структура да спонзорира некого, прославете напредок во ниво на членови од вашата структура и учествувајте во програмите за стимулирање организирани од компанијата.

**Кои се ваша „бронзена", „сребрена" и „златна" цел овој месец?**

# Нека 2022 биде година во која секој ќе направи повеќе!



**Пред сè, сакаме да ви посакаме Среќна Нова 2022! За многу години и остварени мечти со Форевер!**

Започнува нова календарска година на нашиот пат кон промена на животот и сега е моментот да имаме јасна претстава за тоа кои ќе бидат нашите приоритети во наредните месеци и на што повеќе ќе се фокусираме за да ги подобриме работите за нас. Сигурни сме дека ќе се согласите дека единствено и само од нас самите зависи каква ќе биде новата година.

Свесни сме дека ситуацијата и околностите не се какви што би сакале да бидат, но од друга страна можеме да ве увериме дека можностите да одите напред и да градите уште поуспешен и посреќен живот во партнерство со Форевер не се помали од кога било. Многу луѓе продолжуваат да бараат можности да си го променат животот, да изгледаат и да се чувствуваат подобро и да развиваат сопствен бизнис од дома. Вие сте тие кои можете да им понудите таква можност и да им помогнете да ја постигнат. И како што знаете многу добро, ова е не само најдобриот, туку можеби и единствениот начин да си помогнете. Да, потребна е акција и фокус, но од друга страна, секој може да го направи тоа. Нека 2022 биде година во која секој ќе направи повеќе!

Но, пред да започнете што било, седнете за момент и обидете сè да бидете што е можно поискрени со себе. Направете преглед што во изминатата година ви попречи да постигнете уште поголеми успеси. Не нè сфаќајте погрешно – не сакаме да си барате оправдувања во ситуацијата, околината или некој друг. Сакаме да си дадете отчет: „Кои се работите што ги направив или не ги направив ЈАС лично, работите што не доведоа до резултати и што нема да продолжам да ги правам или да не ги правам во 2022 година.“ И не заборавајте, бидете искрени со себе!

Од друга страна, идентификувајте ги работите што ги направивте минатата година и ви донесоа резултати. Фокусирајте сè на тие активности во 2022 година и продолжете уште поактивно да ги извршувате.

Иако можеби звучи едноставно, од искуство знаеме дека не е лесно да се ослободиме од секојдневните навики кои не нѝ помагаат да продолжиме напред, но тоа е единствен начин да ги промениме шансите за успех во позитивна насока.

И уште нешто – да не се залажувате дека правите доволно и само правилни работи, и дека не ви треба промена!

Не знаеме каква ќе биде новата година и што ќе се случи во неа, но во едно сме сигурни – работиме во партнерство со компанија која ги предлага најдобрите производи за здравје и убавина, како и најдобрата можност за градење на сопствен бизнис без потреба од инвестиции, без ризик и во најбрзо растечкиот сегмент на пазарот – производи за здравје и убавина.

Работиме во партнерство и со вас, неверојатните сопственици на Форевер бизнис. Многу добро ги познаваме вашите способности и сигурни сме дека ќе ја направите 2022 година незаборавна за вашиот бизнис, за вас, како и за сите околу вас!

**Вие сте прекрасни луѓе и ние ве сакаме и веруваме во вас!**

Ќе бидеме среќни новата година да биде поразлична и во неа да постигнете сè за чие остварување сте спремни да се откажете од навиките кои не ви го менуваат позитивно животот, и да се фокусирате на активностите кои ви носат успех!

**Секогаш со вас,**

**Тања и Стефан Стаеви**
Генерални директори на
Форевер Бугарија и С. Македонија

# Вашиот водич за **подарок за нега на кожата**

Сезоната на подароци е тука и ако сакате да им помогнете на вашите блиски да изгледаат и да се чувствуваат најдобро можно, размислете да подарите напредна нега на кожата. Зборувавме со Holly Stout, Vice President of Global Product Development на Форевер за да видиме кои производи таа ги препорачува да се додадат во вашата празнична шопинг листа.

## **Хидратација –** совршен подарок за секоја сезона



**Хидратираната кожа изгледа поздрава, се чувствува поудобно и помага да се задржат знаците на стареење. Holly вели дека солидна линија за хидратација на база на алое е одличен подарок за нега на кожа, особено ако не сте сигурни што да подарите некому, бидејќи тоа е нешто од кое сите, на која било возраст ќе имаат корист.**

> Holly препорачува три производи кои таа ги нарекува хидратациски пакет. Кога се користат заедно, тие нудат длабока, долготрајна хидратација и кожата се чувствува освежена и мека.




### FOREVER HYDRATING SERUM

Секој ден нашата кожа е изложена на стресни фактори од околината кои можат да предизвикаат сувост и да придонесат за појава на знаци на стареење. Хидратантниот серум на Форевер содржи чисто алое вера и четири типа на хиалуронска киселина од кои секој има клучна улога во задржување на хидратацијата. Хиалуронската киселина е интензивен навлажнувач на кожата кој задржува вода 1000 пати поголема од својата тежина. Во комбинација, сите четири типа работат заедно за да ја надополнат водата на површината на кожата и да ја задржат влагата одвнатре а истовремено ја подобруваат еластичноста.




### FOREVER ALOE ACTIVATOR

Производот содржи 98% чисто алое вера за да ја остави кожата смирена и освежена. Одличен е за сите типови на кожа, особено за чувствителна кожа и го поддржува нејзиното здравје со витамините А, С и Е.




### FOREVER ALPHA E-FACTOR®

Forever Alpha-E Factor® е богат еликсир кој обезбедува моќна заштита од слободните радикали и ја враќа влагата, ја поддржува еластичноста и помага да се спречи предвременото стареење. Само неколку капки на ден ќе ја зголемат хидратацијата и витаминот Е.



# Sonya™ daily skincare system

**Купувањето систем за нега на кожата како подарок може да биде малку незгодно.  Само затоа што познавате некого со години, не значи дека ги знаете неговите потреби за нега на кожата. Тоа е она што го прави Forever Sonya™ daily skincare system да биде одличен подарок за речиси секој од вашата листа.**

Ова е едноставен, но иновативен систем специјално дизајниран за луѓето со комбинирана кожа и големи се шансите дека речиси секој што го познавате има потреба од таква нега.  Комбинираната кожа е сува во некои области, мрсна во други и може да варира во зависност од сезоната и  факторите на околината. Sonya™ daily skincare комбинира 4 моќни производи за враќање на рамнотежата на кожата, притоа кожата се чувствува хидрирана и мека.

Дизајниран со напредна технологија базирана на гел, секој производ од комплетот испорачува алое, влага и билни состојки длабоко во кожата и има сопствена специфична функција.




## SONYA™ REFINING GEL MASK

Ноќната маска на база на гел го поддржува изгледот на кожата со контролирање на масностите и осветлување на тенот.

## SONYA™ REFRESHING GEL CLEANSER

Ова средство за чистење користи состојки кои лесно ги отстрануваат нечистотиите и шминката и содржи сопствено алое со навлажнувачки агенси како ладно цедено масло од баобаб за кожата да биде смирена и хидрирана.




## SONYA™ SOOTHING GEL MOISTURIZER

Завршниот допир на дневната рутина е исполнет со бујни билни состојки и моќни компоненти за влажен тен со неспоредлива хидратација.







## SONYA™ ILLUMINATING GEL

Гелот брзо се впива, го враќа природниот сјај со моќта на 5 азиски билки и ве остава со мек, мазен тен и здрав сјај на кожата.



Hydrating Serum | 618
Aloe Activator | 612
Alpha-E Factor® | 187
Sonya™ Daily Skincare System | 609
Infinite By Forever™ Hydrating Cleanser | 554
Infinite By Forever™ Firming Serum | 555
Infinite By Forever™ Firming Complex | 556
Infinite By Forever® Restoring Crème | 558
Aloe Bio-Cellulose Mask | 616
Protecting Day Lotion | 557
Awakening Eye Cream | 561

# Body Wash and Body Lotion Combo

**Новите Aloe Body Wash и Aloe Body Lotion работат одлично заедно, за да промовираат мека и здрава кожа од главата до петиците.**

## ALOE BODY WASH

Формулата без сулфати на Форевер има моќно, но нежно чистење со состојки за кондиционирање на кожата кои ќе ја измијат нечистотијата и ќе ја остават кожата  мека и освежена. Aloe Body Wash е pH балансиран за да помогне да се задржи влажноста на кожата и да се промовира хидратацијата. Клучната состојка, алое вера, помага против стареење преку промовирање на хидратацијата, а витамините A, C и E ја негуваат кожата и даваат поддршка на нејзиниот здрав изглед.




## ALOE BODY LOTION

Aloe Body Lotion е совршен секојдневен навлажнувач за да ја омекне кожата и да ја остави да се чувствува мазна, хидрирана и здрава. Оваа лесна формула брзо се апсорбира за да ги испорача придобивките од алое вера и другите навлажнувачки состојки таму каде е потребно. Aloe Body Lotion е совршено продолжение на Aloe Body Wash.




# infinite by Forever™ advanced skincare

**Ако има нешто заедничко во многу рутини за нега на кожата против стареење, тоа е колку лесно работите можат да излезат од контрола. Еден серум води до друг. Кремите почнуваат да се натрупуваат и вие се трудите да запомните по кој редослед се користат  и сето тоа создава голем простор за грешки.**

Ако некој од вашата листа на подароци има анти-ејџинг рутина која е на работ да прерасне во хаос, помогнете му да се врати на основите со infinite by Forever™. Овој напреден систем го комбинира алоето со моќта на науката за да обезбеди лесен за употреба анти-ејџинг режим кој ќе хидрира, ќе ја намали појавата на фини линии и брчки и ќе поддржи здрави нивоа на колаген.



## FIRMING SERUM

Со моќта на клинички докажаниот пептид со три аминокиселини, овој серум е револуционерна формула. Овие аминокиселини се клинички испитани за намалување на појавата на фини линии и брчки и  зголемување на еластичноста, а истовремено ја негуваат и хидрираат кожата.

## FIRMING COMPLEX

Првиот ексклузивен додаток за убавина на Форевер е дизајниран да му помогне на секој да го контролира процесот на стареење од внатре! Две мали таблети земени дневно, поддржуваат повеќе внатрешни системи на телото, како и целокупното здравје и изгледот на кожата.







## HYDRATING CLEANSER

Содржи состојки добиени од природно потекло за да ја зголеми хидратацијата на кожата и нежно да ги измие нечистотијата и маснотиите, без притоа да ја суши кожата.  Ова моќно и хранливо средство за чистење е дизајнирано да постави цврста основа за останатата анти-ејџинг рутина.




## RESTORING CRÈME

Со повеќе од 15 различни состојки за регенерација на кожата, оваа повеќеслојна формула против стареење брзо се апсорбира во кожата. Тоа е совршена завршница за сечија рутина за да ги запечати сите моќни придобивки и кожата да биде негувана и да изгледа помладо.

# Уште неколку одлични идеи за подароци!




## PROTECTING DAY LOTION

Protecting day lotion е одличен додаток на вашата листа со подароци.  Оваа моќна алое формула ја негува и штити кожата од штетните сончеви зраци со заштита SPF 20. Лесен е и совршен за секојдневна употреба.




## ALOE BIO-CELLULOSE MASK

Сопствената алое вера на Форевер е вткаена во влакната на оваа маска која лесно се вклопува на секоја контура на лицето. Маската дава влажност која неверојатно се чувствува и помага да се подобри изгледот на фините линии и брчки. Оваа напредна маска не бара плакнење. Едноставно масирајте го преостанатиот серум на лицето и вратот.




## AWAKENING EYE CREAM

Awakening eye cream комбинира патентирани состојки со пептидна технологија за подобрување и измазнување на чувствителната област околу очите,  видливо ја намалува појавата на линии, брчки и темни кругови.  Оваа револуционерна формула помага при нормалното формирање на колаген, оптимална хидратација и цврстина на кожата.

## Дознајте повеќе за производите за нега на кожа на Форевер!

Посетете  **foreverliving.com** за да видите повеќе производи и идеи за подароци. Ќе најдете сè, од производи за нега на кожа, до додатоци во исхрана. Има по нешто за секого од вашиот список!



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОР

Даов Горан

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОР

1. Абдула Дрита
2. Акимовска Марија
3. Аксоска Катерина
4. Алили Леуза
5. Ариф Емел
6. Арсова Лилјана
7. Аруновиќ Данијела
8. Аврамовска Јасминка
9. Азири Арлинда
10. Бакији Фатиме
11. Бошковска Рената
12. Брсакоска Јана
13. Бундалевска Љубица
14. Вајдевски Кристине
15. Верушеска Марина
16. Владимирова Јулија
17. Гоновска Сандра
18. Димитриевски Михаил
19. Донев Кристина
20. Дуваревска Мирјана
21. Душкаја Емине
22. Едипова Илифет
23. Елмази Гулсер
24. Жиковска Оливера
25. Зијаде Џафце Берта
26. Ибрахими Нермине
27. Илиевска Катерина
28. Илиоска Даниела
29. Ивановска Магдалена
30. Јацева Ивана
31. Јахии Арлинда
32. Јаневска Викторија
33. Јордановска Шкртов Викторија
34. Јовевска Наташа
35. Кадриов Ахил
36. Карталова Митевска Тања
37. Кекиќ Џемиле
38. Љадевиќ Ивана
39. Љека Хатиџе
40. Мемеди Харкан
41. Михајловска Фросина
42. Митревска Маре
43. Мијсиќ Хелена
44. Мушкарска Снежана
45. Нешкоски Драган
46. Николовска Георгиевска Лидија
47. Павловска Ирина
48. Петрова Валентина
49. Петровска Трајковски Јована
50. Ќазими Гзиме
51. Рајковска Валентина
52. Рејхан Хасани
53. Ристовска Лозана
54. Сотирова Емилија
55. Спасевска Татјана
56. Стевковска Ивана
57. Стојменовски Николчо
58. Сулејманова Шадије
59. Танева Иванка
60. Тодоровски Емилија
61. Трајковска Вуковиќ Билјана
62. Трајковска Бранка
63. Трајковска Кети
64. Тренева Виолета
65. Умковска Светлана
66. Урумовска Виолета
67. Цветковска Петрова Татјана
68. Црнициќ Соња
69. Хоџа Семира
70. Христовски Филип
71. Џафероски Алмет
72. Џорлева Татјана

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Дамјановска Ана
Лазаревска Марија
Цветковска Маја

**Клуб 4 – ниво 2**

Атанасов Дејан
Фера Кујтиме

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Славица Донакова | 1. Славица Донакова |
| 2. Роза Гелевска | 2. Вера Златковска |
| 3. Вера Златковска | 3. Роза Гелевска |
| 4. Елена Гелевска | 4. Елена Гелевска |
| 5. Катерина Трајчевска | 5. Стевица Димовска |
| 6. Блага Крстеска | 6. Садики Шенгил |
| 7. Слафко Михајловски | 7. Ана Палева Стојаноска |
| 8. Стевица Димовска | 8. Узлифет Алили Ахмеди |
| 9. Жарко Георгиевски | 9. Жарко Георгиевски |
| 10. Узлифет Алили Ахмеди | 10. Македонка Петровска |

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.